Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за дополнување на Кривичниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 13 септември 2005 година.

Бр. 07-3292/1
13 септември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

# З А К О Н
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Кривичниот законик (“Службен весник на Република Македонија” број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003 и 19/2004), по членот 38-г се додава нов член 38-д, кој гласи:

**“Замена на изречената казна затвор со парична казна**

Член 38-д

(1) Повисокиот суд може на барање на сторителот на кривично дело ако му е изречена казна затвор до една година, да ја замени со парична казна, имајќи ги предвид неговите лични прилики и неговото однесување по стореното кривично дело, степенот на кривичната одговорност, побудите од кои е сторено делото, како и имотната состојба на сторителот, водејќи притоа сметка за неговите други приходи, за неговиот имот и за неговите семејни обврски.

(2) Изречената казна затвор од ставот (1) не може да се замени со парична казна, доколку сторителот кривичното дело го сторил во повтрат.

(3) При заменувањето на изречената казна затвор со парична казна од ставот (1), судот ќе го замени секој ден затвор со парична казна во висина на дневна глоба, при што бројот на дневните глоби за секој ден затвор што се заменува не може да биде помал од 50 дневни глоби.

(4) Паричната казна со која се заменува изречената казна затвор до една година, не може повеќе да се заменува со друга казна.”

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.